Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД - M-NAV SHA 0202-236/1 21-02-2025 год.-viti СКОПЈЕ - SHKUP

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror

Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7644/4 од 17 декември 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.258 од 18 декември 2024 година), Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, објавува

# Јавен повик

**За избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви и истите не се користат од страна на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје**

Критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Рокот за превземање не треба да биде подолг од 10 (десет) работни дена.

Преземањето на движните ствари е без надомест.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од следните локации:

- Простории на „М-НАВ" А.Д. Скопје - контрола на летање ул.Босфор бр.7, Мралино, Илинден и
- Метален контејнер во близина на КЛ Охрид – Аеродором Свети Апостол Павле Охрид

И истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.

"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Игор Андреевски, телефон за контакт 070/210-680, електронска адреса: igor.andreevski@mnavigation.mk

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се превземе од веб страната Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 03.03.2025 година до 15:00 часот.

**Управен одбор**

**Владимир Ристески – Претседател на Управен одбор**

______________________

**Климент Чепуњоски – Член на Управен одбор**

______________________

**Buran Aliti - Член на Управен одбор /Anëtar i Këshillit Drejtues**

______________________